**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 04.05.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2702 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставки од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (наш бр. 03-2620/1 од 25.04.2016г. и 03-2651/1 од 27.04.2016г.);

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 22 и 26 април 2016 година, Дневник во 19 часот;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 мај 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

    - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** - објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (алинеја 9).

6. **Претходно изречени мерки:** Известување за констатации од програмски надзор бр. 03-900/1 од 15.02.2016г. и Известување во врска со наоди од надзори реализирани по пристигнати претставки од СДСМ бр.03-2393/1 од 15.04.2016г.;

7. **Констатации од надзорот:**

Врз основа на претставки од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (наш бр. 03-2620/1 од 25.04.2016г. и 03-2651/1 од 27.04.2016г.), за новинарските прилози – коментари, емитувани во Дневникот на ТВ Сител во 19 часот од 22 и од 26 април 2016 година, беше направена анализа дали е во нив прекршено начелото од алинејата 9 на членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ).

1. ***Содржина на првата претставка:***

Во целост, содржината на претставката на СДСМ е следнава (цитат):

- *Во прилог од Дневникот на Сител (22.04.2106, во 19:00 часот) со наслов: „Дали во позадина на сценариото за дестабилизација е план за федерализација на Македонија" е направен*

*класичен спин со изјавите на Муса Љамалари и Зоран Заев. Имено, господинот Љамалари искажува свое мислење во однос на федерализацијата на Македонија, што неспорно е негово право кое произлегува од еднаквоста на слободите и правата независно од националното, етичкото и политичкото уверување на граѓанинот. Неговата пак средба со господинот Заев, единствено може да се толкува како поттикнување на духот на толеранција, заемно почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло. Во ниту еден дел од изјавата на Љамалари не се споменува кој е ставот на Заев по тоа прашање, туку напротив самиот Љамалари нагласува дека за тоа прашање (цитирам): „... јас не одлучувам, не одлучува дијаспората, ниту Заев...". Ова се потврдува и со кратка изјава на Зоран Заев дадена за Република, во која, иако извадена од контекст, поради што на гледачот му е оневозможено да ја следи мислата на соговорникот во интервјуто, сепак јасно го кажува ставот на господинот Заев (цитирам): „Не би навлегувал во деталите, апсолутно непроменливоста на Уставот, значи недопирање во националниот идентитет...". Со ваквиот тенденциозен, необјективен и пред сè непрофесионално новинарски подготвен прилог, се оневозможува објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различни гледишта и мислења и се оневозможува слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања. Прилогот претставува пример за прекршување на Законот за АВМУ (член 61, став 1, алинеи 3, 4 и 9) поради што СДСМ ќе поднесе соодветни приговори до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и до Советот за етика во медиумите.*

***<u>Анализа на прилогот:</u>***

*<u>Почетно/крајно време</u>:* 19:15:37 - 19:19:06;

*<u>Наслов на прилогот/Основна тема на прилогот (цитат):</u>*

- **„Дали во позадина на сценариото за дестабилизација е план за федерализација на Македонија?"**

*<u>Новинарски жанр на прилогот: Коментар (аналитички жанр);</u>*

За основата на претставката, исклучително важна е разликата во жанровската класификација на конкретниот новинарски прилог (аудиовизуелната целина): Изворно, врамен во низата прилози од Дневникот на ТВ Сител за актуелната општествено-политичка ситуација во Република Македонија, посочениот новинарски прилог е означен како - *извештај*, што во базичната класификација на новинарските жанрови се вбројува во - фактографските жанрови, пред сè поради: - непосредноста на пристапот до изворот на информациите (*на пример: автентично сведоштво/присуство на прес-конференција*); – актуелноста на општествено-политичката содржина; – начинот на новинарската обработка на информациите (најнапред жанровски обликувани како - *вест*, а потоа образложени преку податоци што претставуваат официјални гледишта/искази/ставови од правни и/или од физички лица, непосредни учесници во новинарски тематизираните општествени процеси). По однос на формата, пак, професионалните стандарди за жанровското устројство на новинарските прилози, го обмислуваат коментарот во текстуална и/или во аудиовизуелна целина, потпишана како авторска или редакциска анализа на актуелен, општествено – политички настан/случување/состојба, заснована врз конкретни податоци (вести/извештаи/изјави/соопштенија/интервјуа/статистика), сопоставени по принципот

теза/антитеза, со можен отворен крај (интерпретација на реципиентот), или со директно посочен заклучок (на авторот/на редакцијата). Со потписот на вака поставената жанровска структура, и етички (Кодекс на новинарите; член 61 од ЗААВМУ) и правно (Закон за медиуми; Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета), се презема одговорност за јавно изнесен став на новинар-поединец или на редакцијата, бидејќи е коментарот отворен за јавен одговор или за исправка на податоците врз основа на кои ја заснова својата теза/тези.

Според овие елементарни жанровски одредници, новинарскиот прилог (аудиовизуелната целина) со наслов: *„Дали во позадина на сценариото за дестабилизација е план за федерализација на Македонија?"*, претставува – коментар. Посебно важна карактеристика на коментарот емитуван под цитираниот наслов, е тоа што неговата главна теза е обликувана како – *„реторичко прашање"*, односно, отфрлена е можноста за – антитеза, па сите визуелни и аудио материјали, без оглед на изворот на информацијата, користени се така што да бидат – во прилог/несомнена потврда на тезата на коментарот, а не – поткрепа на јавно искажани ставови со чиишто објективно одреден медиумски и општествено-политички контекст треба конструктивно да се полемизира.

***Користени извори за прилогот***:

*Аудиовизуелни цитати*:

- Муса Љамалари - Тим Шкупи, Албанска дијаспора за Македонија; (*цитат преземен од ТВ Телма*);
- Билал Касами, лидер на „Беса";
- Зијадин Села, лидер на ДПА-ДР;
- Зоран Заев, лидер на СДСМ (*цитат преземен од порталот „Република"*);

*Визуелна/графичка илустрација на коментарот:*

- Снимка (screenshot) од колумна на новинарот Бранко Геровски објавена на порталот „Плус Инфо";
- Снимки од протестите против аболицијата прогласена од Ѓорге Иванов, претседателот на Република Македонија;
- Снимки од полициската акција именувана - „Диво населје", во Куманово;

***Транскрипт на прилогот (во целост)***:

- *Дали редефинирањето на Македонија и нејзина федерализација е пазарот кој лидерот на СДСМ го направи со албанските политички партии и останатите албански структури, во замена за нивна поддршка. Претставникот на албанската дијаспора, вчера отворено призна дека имал средба со Заев, на која разговарале за федерализација на Македонија, и дека после средбата помалите албански политички партии излегле на улица за да го*

*поддржат лидерот на СДСМ и неговото барање да нема избори (цитат од Муса Љамалари):*

> Инаку, сите мене ме знаат дека јас се залагам за федерализација на Македонија. Тоа не го кријам, не го криев ни кај Заев. Ама јас не одлучувам, Дијаспората не одлучува, не одлучува Заев. Денеска ги гледам протестите, се чудам за некои албански политички партии. Посебно овие новите што се. После мојот состанок со господинот Заев почнаа да излегуваат на протести.

*Меѓу албанските партии кои веќе се приклучија на протестите на Заев е и движењето „Беса", составено од радикални структури и платенци на соросовите фондации, кои отворено се залагаат за редефинирање на Македонија (цитат од Билал Касами, претседател на политичката партија „Беса"):*

> Бидејќи овие несериозни и неодговорни луѓе не покажуваат способност за одржување држава. Сето тоа би налагало редефинирање на Македонија.

*Јавна поддршка на Заев му даде и струшкиот градоначалник, кој не крие дека за своето учество на протестите ќе бара редефинирање на Македонија, како бинационална држава (цитат од Зијадин Села, претседател на политичката партија ДПА – ДР):*

> Потребите на Албанците, како што треба, во Собрание да го изменат Уставот. Македонија мора да биде бинационална држава. На ист начин како што се бара, нели, заедно Албанци и Македонци да се сруши Владата, на ист начин треба да се организира и Уставот и сите закони и цело ова општество.

*Акција за двонационална Македонија не е никакво табу во опозициските редови. Уште пред две години Заев за тоа јавно зборуваше во медиумите, што според експертите е главната причина поради која албанскиот фактор во лидерот на СДСМ го гледа својот клучен партнер во намерата за редефинирање на Македонија (цитат од Зоран Заев, претседател на политичката партија СДСМ):*

> Не би навлегувал во деталите. Апсолутно, непроменливоста на Уставот значи недопирање во националниот идентитет на државата.

*За редефинирање на Македонија и нејзина федерализација, Сорос готвеше терен уште пред неколку месеци. Тогаш првиот човек на Соросовата новинарска структура, Бранко Героски, во серија колумни јавно повикуваше дека е време да се разговара за федерализација на Македонија. Неколку месеци претходно, по терористичкиот напад на албанските екстремисти во Куманово, Заев немаше никаков проблем, насмеан да се слика со албанското население на местото каде што животот го загубија осум припадницви на македонските безбедносни сили.*

<u>Споредбена анализа:</u>

Споредбената анализа беше нужна затоа што ТВ Сител нема свој авторски извештај од прес-конференцијата на Муса Љамалари, претставник на „Албанската дијаспора од Лондон", одржана на 21 април 2016 година, туку аудиовизуелните цитати што ги користи во својот коментар ги презема (*очигледно од анализираните снимки*) од новинарски извештај на ТВ Телма, емитуван во периодот од 18:53:11 до 18:56:22 во Вестите од 18 и 30 часот. СДСМ со претставка го карактеризира анализираниот коментар на ТВ Сител како – „спин", односно – манипулација со јавното мислење, затоа што на Зоран Заев, нивниот партиски лидер, преку конструкцијата на новинарскиот коментар, политичките ставови на Муса Љамалари му се припишуваат како да се – негови.

Клучната теза на коментарот на ТВ Сител е дека (цитат): „(...) *Претставникот на албанската дијаспора, вчера отворено призна дека имал средба со Заев, на која разговарале за федерализација на Македонија, (...)*". Таа теза е поткрепена со цитат на Муса Љамалари (цитатот е посочен погоре), но пренесен - делумно, а не во целост, и тоа преземен од новинарски извештај од прес-конференција на Љамалари (фактографски жанр) емитуван на ТВ Телма. Всушност, ниту од целината на цитатот, каков што е изворно даден на ТВ Телма, не може да се заклучи дека Љамалари и Заев „*разговарале за федерализација на Македонија*", и дека тенденциите за федерализација се и политички став на Заев како лидер на СДСМ. Цитатот, во целината каква што ја пренесува ТВ Телма, посочува лични политички гледишта на Љамалари, како претставник на „*Албанската дијаспора од Лондон*". Во прилог на жанровската разлика – извештај (фактографија) / коментар (анализа), важно е да се напомене дека во прилогот на ТВ Телма, ставовите на Љамалари се контекстуализирани како – изјави дадени на прес-конференција, пренесени преку – новинарски извештај, делумно прекажани од новинарот-известувач, делумно дадени како изворни цитати. Споредбено, поентите од таквата новинарска постапка на ТВ Телма се следниве (цитат од новинар-известувач):

*- Албанската дијаспора за Македонија ги поддржува антивладините граѓански протести и повикува да не се попушти пред заплашувањата со „украинско сценарио". Дијаспората смета дека на протестите има и демагогија и порачува дека за тоа е подобро сите етнички заедници да протестираат под едно знаме – македонското. Муса Љамалари, претставник на Дијаспората од Лондон, имал средба со лидерот на СДСМ – Зоран Заев*

*(цитат од Љамалари):*

- *Ние се залагаме за државата да се врати на сите граѓани. Граѓаните да одлучуваат. Инаку, сите мене ме знаат дека јас се залагам за федерализација на Македонија. Тоа не го кријам, не го криев ни кај Заев. Ама јас не одлучувам, Дијаспората не одлучува, не одлучува Заев. Денеска ги гледам протестите, се чудам за некои албански политички партии. Посебно овие новите што се. После мојот состанок со господинот Заев, почнаа да излегуваат на протести како структура, како партија.*

*(цитат од новинар – известувач):*

- *Дијаспората е против на 5 јуни да има избори, затоа што, вели Љамалари, треба да се создадат целосни услови, но треба да се знае и целата вистина за Македонија, со непречена работа на Специјалното обвинителство, меѓу другото и да се спроведе попис на населението.*

2. <u>*Содржина на втората претставка*</u>

Од долгиот текст на претставката на СДСМ за прилогот под наслов: „*Република: Мега скандал – Заев создава криза и фатен како договарал федерализација на Македонија*“, поентата е во следново (цитат):

- *Имено, пренесувајќи ја изјавата на Муса Љамалари, тенденциозно смислено и крајно непрофесионално од изјавата на Љамалари дадена на 22.04.2016 намерно е прескокната една реченица која е во средина на изјавата, а којашто го објаснува целиот нејзин контекст. (...)*

- *Во прилогот од 26.04.2016 година очигледно е дека е изоставена реченицата: „Ама јас не одлучувам, не одлучува Дијаспората, не одлучува Заев“, којашто дефинитивно објаснува дека т.н. федерализација не зависи ниту од него, ниту од Дијаспората, ниту од Заев, а со самото тоа ниту пак дефинира став на господинот Заев по ова прашање, туку и само личен став на господинот Љамалари. Ова е само потврда дека и претходниот приговор како и овој, упатени до вашата Агенција, претставуваат школски пример за злоупотреба на медиумот за политички цели, при што во конкретниот случај цел на демонизирање е личноста на господинот Зоран Заев, а во исто време изнесувајќи невистини и шпекулации, медиумот предизвикува намерно и контролирано дезинформирање на јавноста. (...)*

***Анализа на прилогот:***

*Почетно/крајно време*: 19:12:41 - 19:16:24;

*Наслов на прилогот/Основна тема на прилогот (цитат):*

- **„Република: Мега скандал – Заев создава криза и фатен како договарал федерализација на Македонија“;**

*Новинарски жанр на прилогот: Коментар (аналитички жанр);*

***Користени извори за прилогот***:

*Аудиовизуелни цитати*:

- Снимка (screenshot) од интернет – порталот „Република“;
- Муса Љамалари - Тим Шкупи, Албанска дијаспора за Македонија; (*цитат преземен од ТВ Телма*);
- Фотографија од средба на Зоран Заев и Радмила Шеќеринска, раководството на СДСМ, со Муса Љамалари - Тим Шкупи, Албанска дијаспора за Македонија;
- Компилација снимки со изјави на Зоран Заев, лидер на СДСМ, дадени за различни медиуми;
- Снимка од изјава на Љубомир Фрчковски, универзитетски професор, дадена за ТВ Телма;

*Визуелна/графичка илустрација на коментарот:*

- Снимки од протестите против аболицијата прогласена од Ѓорге Иванов, претседателот на Република Македонија;
- Снимки од полициската акција именувана - „Диво насеље", во Куманово;

Сите забелешки изнесени во врска со жанрот и со содржината на претходно анализираниот коментар, важат и за овој новинарски прилог, затоа што третираат иста општествено-политичка тема, по однос на која консеквентно можат да се согледаат и како континуитет на редакцискиот став.

Клучните специфики на вториот новинарски прилог – коментар, се однесуваат на следново:

Изворно, прилогот е жанровски класифициран како – извештај (фактографски жанр), а всушност ја надминува рамката дури и на – „преземен коментар" (анализи од домашни или од странски медиуми, склопени колажно - како аудиовизуелна целина од цитати/изјави/интервјуа, најчесто неутрално илустрирани или со оригинални снимки, со факсимили или со „screenshot" од интернет страници), и преминува во - „симулиран коментар": Уредувачката одговорност за јавно искажан став се релативизира така што – во календарски подолг континуитет, аудиовизуелната целина се моделира како новинарски прилог отворен за прекажување и за трансмисија на информации, претпоставки и на коментаторски тези од домашни интернет-портали (чии содржини, пак – не подлежат на стриктна медиумска регулација), а визуелизацијата и другата графичка опрема е придодадена од телевизијата (интенционална монтажа на снимки/фотографии/текст). На тој начин, всушност, иако аудиовизуелната целина ја потпишува како – „извештај" (фактографски жанр), самата телевизија активно партиципира во авторството на коментарот (аналитички жанр): прво - преку континуирано преземање идеи, ставови и гледишта најчесто од затворен круг (мулти)медиуми/портали, второ - преку техничките и графичките (пре)вреднувања на искажаното.

***Заклучок***

Принципиелно, ако се следат професионалните новинарски стандарди, било според начелата опфатени со членот 61 од ЗААВМУ, било според Кодексот на новинарите, тогаш - каква било дилема околу ставот/гледиштата на јавна личност непосредно вклучена во општествено-политичките процеси, најефикасно се разрешува само така што токму истата таа јавна личност ќе биде новинарски третирана како непосреден извор на информации, преку – *изјава, разговор, интервју, дебата.*

Спротивните ефекти - од непосакуваната состојба на манипулација со јавното мислење, било новинарот лично, било редакцијата како колективитет, конструктивно можат да ги неутрализираат преку:

- етиката на новинарските жанрови: почитување на професионалните правила за обликување на информациите;
- прецизно/фактографско – именување на изворот на информациите или на општествените случувања;
- референтно/докажливо одредување на содржината на информациите;
- отворање можности за непосреден одговор и исправка, или за рамноправно медиумско соочување/дебата;

Со коментарите емитувани на 22 и на 26 април 2016 година во Дневникот во 19 часот, под насловите: *„Дали во позадина на сценариото за дестабилизација е план за федерализација на Македонија?“*, и *„Република: Мега скандал – Заев создава криза и фатен како договарал федерализација на Македонија“*, ТВ Сител го прекрши начелото за - *објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања*, опфатено со алинејата 9 од членот 61 во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## 8. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да го извести Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за претставката и за наодите од надзорот, и да му укаже на фактот дека треба сериозно и доследно да го почитува начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од членот 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***